ОТВОРЕНА ПОСТОЈАНАТА ПОСТАВКА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Допири со културата на Европа

Многубројната публика која вчера напладне го следеше свеченото отворање на новата постојана поставка на Музејот на современата уметност во Скопје придонесе овој момент кој сам по себе е од големо значење за нашата уметност и култура, да се претвори во вистински настан на денот. Со измената на досегашната концепција на постојаната поставка на Музејот, формиран пред 25 години како „музеј на солидарноста", дури сега во полна светлина блеснува делот во кој е претставена македонската уметност на XX век.

– Првпат денес можат низ овие експонати да се следат почетоците, развојните текови, тенденции, внатрешни импулси, ликовни оплодувања и допири на Македонија со културата на Европа – рече вчера на отворањето на новата постојана поставка на МСУ министерот за култура на Република Македонија проф. д-р **Цветан Грозданов**. – А тоа што Музејот не е во состојба денес да ги презентира и сите врвни, преломни или стилски особено значајни дела од сите видови на македонското ликовно создавање не би требало да загрижува – додаде тој. – Во оваа авторска и простудирана концепција на поставката одредени празнини се заеднички напор, како и во други централни национални музеи во светот, ќе може постапно да се пополнува.

Сегашната поставка на МСУ претставува строг избор од над 4.000 слики, скулптури, графики и цртежи пристигнати во Скопје по земјотресот како донации од над 40 земји. Македонскиот сегмент е отворен за натамошна соработка.

С. Ѓ.

Н.Н. 27 IV 1991

ПРОДОЛЖУВА ШТРАЈКОТ ВО „ЈУГОТЕКС"